## ICIS – Интегриран судски информациски систем

Претставува робусен и комплексен информациски систем со кој се опфатени сите аспекти од управувањето со судски постапки во сите три нивоа на судови во Р. Македонија и тоа:

- Основни судови
- Апелациони судови
- Врховен суд

Овој информациски систем овозможува автоматизација на работните процеси во сите нивоа на судовите со максимален квалитет и целосна контрола на документите кои пристигнуваат во судовите какои и на документите кои се креираат во самите судови. Овозможена е оптимална електронска комуникација помеѓу судовите од различни нивоа, со цел да се намали односно елиминира мануелната работа и можноста за правење грешки.

Поради својата комплексност, овој систем е поделен на повеќе потсистеми кои се со различни специфичности. Сите потсистеми се развиени во иста технологија и модуларно се вклопуваат во целиот систем. Се работи за следните потсистеми:

- Потсистем за управување со судски постапки
- Потсистем за управување со документи
- Потсистем за интерна судска комуникација
- Потсистем за комуникација помеѓу различни судови
- Потситем за изработка на извештаи и листи
- Потсистем за планирање и распоред на време и простории
- Потсистем за известување
- Потсистем за системска администрација
- Потсистем за ПОМОШ
- Статистички потсистем

*Развојна SW платформа*

- Borland DELPHI
- FastReport , WP Tools
- MS – Windows 2000 Server / Windows 2000 Pro.
- MS – SQL Server

*Крајни корисници*

- Основен суд Скопје 1
- Апелационен суд Скопје
- Врховен суд на Р. Македонија